**Втората етапа од Вардарската регата Гемиџии по Вардар денеска продолжува со пловење на релација Стоби - Демир Капија. Учесниците го завршија вчерашниот ден успешно по што ја поминаа ноќта во шатори кај Градско.**

Во Регатата се вклучени околу 60 кајакари, претставници на Центарот за управување со кризи на Црвениот крст, на полицијата, на Армијата на Република Македонија и на медиумите. Во првиот дел учествуваа и велешкиот градоначалникот Горан Петров и претседателот на Советот на општината Славчо Петров.



Регатата завршува во недела. До 12 часот учесниците треба да стигнат во Гевгелија каде свечено е организирано затворањето. Според организаторите, можно е регатата догодина да плови до Солун, Грција, до местото каде Вардар се влева во Егејското Море.

Вардарската регата организирана во чест на славните Гемиџии од 1903 година, е обновена и се одржува повотрно по 17 години пауза, под покровителство на Општина Велес.